**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-76
24.02 **2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 51 став 1 од истиот Закон, точка 6 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-465/1 од 27.01.2023 г. и Заклучокот арх.бр.02-824/2 од 23.02.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 7-та седница одржана на 23.02.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово, заради извршена повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што радиодифузерот во рамките на телевизискиот сервис емитуван на 4-ти јануари 2023 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецdown фицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-465/1 од 27.01.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 29 од ЗАВМУ е надлежна да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, ЗАВМУ и прописите донесени врз основа на него.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена

повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, утврдено е дека за констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во Упатството.

Согласно член 51 став 1 од ЗАВМУ, давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги треба на своите корисници да им овозможат лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: името на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга, односно називот, заштитниот знак или сопствениот скратен идентификациски знак (авизо, лого и слично); адресата на седиштето на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга; податоци за контакт со давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб-страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и доколку е возможно и за надлежното регулаторно тело.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 27-ми јануари 2023 г., изврши контролен, административен надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово, емитуван на 4-ти јануари 2023 г., на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 51 став 1 од ЗАВМУ. Имено, со надзорот е констатирано дека радиодифузерот и покрај Решението за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр.03-354) донесено на 29.11.2022 г., не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на ЗАВМУ.

Спротивно на член 51 став 1 од ЗАВМУ телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудиовизуелната услуга; адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната услуга; податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-465/1 од 27.01.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово на 30.01.2023 г., испрати Допис арх.бр.10-465/2 од 30.01.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-465/1 од 27.01.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 23.02.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 51 став 1 од истиот Закон, точка 6 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-465/1 од 27.01.2023 г. и Заклучокот арх.бр. 02-824/2 од 23.02.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 23.02.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од

денот на приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**
1) Писмен извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-465/1 од 27.01.2023 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово;
- Управителот на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ, Куманово;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 27-01-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtesë | Вредност / Vlerë |
| 10 | 465 | 1 | |

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 4 јануари 2023 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 јануари 2023 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01 - 4443/1 од 09.10.2018 година)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 29.11.2022 година, за непочитување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-354 од 29.11.2022 г.) на Трговското Радиодифузно Друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена по приемот на решението (01.12.2022 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, емитуван на 4 јануари 2023 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не овозможи лесен, директен и постојан пристап

најмалку до следниве податоци: - полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, програмскиот сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, емитуван на 4 јануари 2023 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. Предлог мерка:

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 29.11.2022 година, ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово, и во согласност со точката 6 од Упатството, да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*